Slavčo KOVILOSKI

# GORAN KALOGJERA:

## *Поглед отстрана - Рацин (1908-1943), Скопје : Македоника литера ; Ријека : Филозофски факултет у Ријеци, 2023.*

### НОВО ПОГЛАВЈЕ ВО РАЦИНОЛОГИЈАТА

Никогаш не е доволно доста да се пишува за Кочо Рацин, бидејќи овој велешанец е еден од основоположниците на современата македонска книжевност, прозаист, книжевен критичар и на крајот јасновидец, бродар на своето време. Вака, хрватскиот македонист, книжевен историчар, универзитетски професор, академик Горан Калоѓера ги започнува своите видувања за Рацин во своето дело „Рацин (1908 – 1943)", што во издание на Филозофскиот факултет во Риека излезе во 2021 година. Ние, пак, преку издавачката куќа

„Македоника литера", еве, делото можеме да ѝ го претставиме и на пошироката македонска читателска јавност, за релативно кратко време од првообјавата на хрватски јазик (2021). Треба да нагласиме дека ова не е прво дело на Калоѓера преведено на македонски јазик, бидејќи во изминативе децении повеќе македонистички дела на  Калоѓера најдоа свое место во македонската култура средина: „Браќата Миладиновци –

легенда и стварност", „Хрватско-македонски литературни врски" и „Македонскиот 19. век". Исто така, треба да истакнеме и дека ова не е прво негово дело во кое фокусот е на

Рацин, бидејќи пред повеќе од дваесетина години Калоѓера на хрватски јазик и за хрватската публика ја објави книгата „Рацин во Хрватска". Во неа изнесе голем број непознати страни од животот на Рацин во Хрватска и неговите врски со хрватските интелектуалци и со





антифашистичкото движење, сето тоа надополнето со прилози за судскиот процес против него што започнало со апсењето во Вухред, Словенија, 1928 година, а завршило со ослободувањето во Сплит, 1929 година.

Монографското издание „Рацин (1908 – 1943)" се состои од „Вовед" и повеќе поглавја: „За Рацин", „Рацин, Хрватска и Хрватите", „Коста Апостолов Солев", „Анализи", „Публицистика", „Проза", „Поезија (песни на српскохрватски)", „Бели угри",

„За песните на рацин надвор од збирката и поетските циклуси", „Зборник на народни песни" и на крајот следи еден краток „Заклучок", сублимат на сето погоре кажано. Врз основа на погоре споменатата книга „Рацин во Хрватска", можеме да заклучиме дека Калоѓера само ги дополнува и продлабочува знаењата за Рацин, негово повторно навраќање кон омилената тема. И не само негова, бидејќи Рацин бил и е омилена тема на

семинарите по македонска литература, бидејќи тој бил избор и на многу студенти за тема

на дипломската работа во Загреб, Риека, Задар и Осиек. Притоа за него се дискутирало, а неговите песни и проза биле читани со длабока посветеност. Меѓутоа, последниве години, забележува Калоѓера, Рацин како да е ставен во „плакар" поради повеќе причини. Токму затоа, на овој труд на Калоѓера може да се гледа и како на своевиден долг што хрватскиот професор го чувствувал кон македонскиот поет со цел да не остане затскриен и подзаборавен во модерново време. Патем, треба да се знае и дека како млад, самиот професор му се восхитувал на неговиот револуционерен ентузијазам, на силната верба за

едно подобро македонско утре, што брилијантно го изразил во стихозбирката „Бели мугри".

За Калоѓера е интересен фактот што Рацин како син на грнчар од еден опаднат македонски град, Велес, меѓу двете светски војни, успеал да се здобие со легендарна слава. Широките интелектуални можности на младото момче што во книжевниот свет навлегло со стихови напишани со крв во „Антологија на болката" и што за презиме го зело името на девојката во која било вљубено Рахилка Фирфова (Раца=Рацин), конечно излегле на површина во партиските кругови на прогресивната југословенска младина, преку познанствата и другарствата со Ѓура Ѓаковиќ, Каја Парач, Јосип и Даница Цази, Павел Копорчиќ, Алфред Бергман, Златко

Прица, Огњен Прица, Ото Бихаљи Мерин, Отокар Кершовани, Сава Штедимлија, Гргур Карловчан, Јосип Павичиќ и други. Не случајно во Хрватска, во печатницата на Драгутин Шпулер ја објавил „Бели мугри", а Иво Козарчанин ја напишал првата рецензија за збирката песни, убава и афирмативна критика во списанието „Сувременик" во 1940 година.

Во однос на бројните страни напишани од Рацин и за Рацин, треба да потенцираме дека Калоѓера е мошне внимателен читател. Тој изнесува свои ставови, некаде согласувајќи се, а некаде не со македонските проучувачи на делото на поетот, повремено покренувајќи полемички прашања за квалитетите на некои негови творби, но секогаш со цврсти ставови во однос на бескомпромисната борба што ја воделе Македонците од овој Рациновски период. Двојбите се јавуваат во однос на неколку прозни записи и поезијата на Рацин надвор од циклусите, која авторот на оваа книга компаративно ги анализира со песните од „Бели мугри". Јасно е дека варијациите во творештвото на Рацин се производ на времето и околностите во коишто творел.

Сепак, Калоѓера е свесен при анализите и синтезите за животот и делото на Рацин постојат „опасности". Ако се знае дека за него пишувале најдобрите македонски хуманистички умови од сите профили, тогаш лесно би можело да се потпадне под нечие влијание, бидејќи, како што самиот вели „Ако ја 'закопам' оваа книшка со нивните мислења, анализи и судови, тогаш не сум завршил добра работа... Затоа, во овие анализи ќе се обидам целосно да се оградам од опасноста од повторување, а повторувањето е само една, можеби уште полоша форма на 'омразено многусловие', за кое зборуваше Григор Прличев во својата автобиографија. Поради тоа оваа брошура и нема да има фусноти, бидејќи тие нема да бидат потребни. Ова е 'поглед од страна' со најдобра намера да биде објективен".

Јасно е дека Калоѓера го избрал не најлесниот, туку најправилниот начин за портретирање на велешкиот поет, без празнословија и давање ука преку зборовите што ги напишале другите, туку со жар и пламен произлезени од сопствените видувања за причините и последиците од општествено-политичките и културните состојби во Македонија меѓу двете светски војни кои влијаеле врз животот и делото на Рацин.

Калоѓера живописно ги опишува дури и внатрешните пориви, внатрешните мотиви што влијаеле врз Рацина за да стане човек каков што станал и да го напише она што го напишал: „Длабоко и емотивно





жалеше за пропаста на старите занаети и занаетчиите. Неговата поезија и неговото творештво се органски поврзани со неговиот македонски народ, поради што будат длабоки чувства и денес".

Како исклучително важни за творештвото на Рацин, Калоѓера ги наведува крупните историски процеси и настани во Македонија поврзани со појавата и развојот на богомилското движење, Илинденското востание и борбата против фашизмот („Ние Македонциве, по патот на дедо Богомил, по мислата на неговата вечна борба, за траготот на неговата силна вера - ќе си ја дочекаме и нашата зора)". Меѓутоа, не помалку значајни ги смета и оние навидум помали настани што влијаеле врз ситниот, врз поробениот човек, како на пример берењето на тутун, осиромашувањето на занаетчиите и затворањето на дуќаните, надничарењето за други и за туѓи господари во неслободната земја.

Повардарјето, како што Калоѓера честопати се осврнува на Македонија, повикувајќи се на Рацин, ги живеело своите денови во немаштија и во апатија. Потребен бил токму таков човек, писател, револуционер, за да ја размрда зачмаената состојба и да го навести новото утро: на македонската државност и на македонската книжевност. За жал, надарениот поет несреќно загинува на Лопушник, 1943 година, а со „неговата смрт исчезнува еден несогорлив ум, една позитивна човечка личност, еден исклучително квалитетен писател и настанува празнина каква што никогаш не била и нема да се пополни".

Делото „Рацин (1908-1943)" од Горан Калоѓера е силно, експресивно, набиено со емоции, но и остварување коешто дава одлична слика за времето во кое живеел Рацин, како и за неговата личност. Изнесените анализи и синтези се и тоа како добродојдени за пошироката македонска читателска јавност, а со сигурност ова важи и за хрватските читатели. Всушност, авторот гради уште еден мост на поврзување помеѓу Македонците и Хрватите, во негов препознатлив стил. Тој е директен при соопштувањето на своите согледби и ставови и тоа му дава посебна тежина, убавина и читливост на книгата. На крајот, Калоѓера завршува со констатацијата дека без разлика на временската дистанца и релативно скромниот опус на Рацин, тој и понатаму останува најпознатиот македонски писател во Хрватска. Така ќе завршиме и ние, со констатацијата дека Калоѓера е еден од најпознатите современи македонисти, не само во Хрватска, туку и во европски рамки.